**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**28-ми јануари, 2009 година**

**Република Македонија**

**позиција: 89**

## Македонија 89-та на светскиот индекс на глобализација

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД објавува дека според швајцарскиот економскиот институт КОФ, Македонија во индексот на глобализација за 2009 се наоѓа на 89-тото место.




Под економска глобализација се подразбира протокот на пари, капитал и трансакции, под општествена - рашireност на идеи, информации и интеракции со луѓе од други земји, а политичката димензија се однесува на вклопеноста во меѓународната политика.

Институтот со седиште во Цирих традиционално во своите истражувања го мери степенот на економска општествена и политичка глобализација во светски рамки.

Оваа година во истражувањето беа опфатени 156 држави, каде Република Македонија се наоѓа на 89-тото место со индекс на глобализација од 60,08%.

Според индексот на економска глобализација, Македонија е на 70-то место, со индекс 63,84 %, според општествената глобализација на 49-тото (74,03), а според индексот на политичка глобализација, Република Македонија не е рангирана.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Во регионални рамки, највисок индекс на глобализација има словенија, на 20-то место, Хрватска на 25-то,  Грција на 32-то, Бугарија на 39-то, БиХ на 43-то и Албанија на 103-тото место.

Четврта година по ред на прво место е Белгија, пред Ирска, Холандија, Австрија и Шведска.

На дното на индексот се Бангладеш, Непал, Судан и Таџикистан.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk